СООПШТЕНИЕ

На првиот престижен светски вински натпревар во годинава

# Златни медали за две вина на „Тиквеш“ на пролетниот „Мундус Вини“ во Германија

*Скопје, 2.03.2018* – На годинешниот пролетен дел на најголемиот вински натпревар во Германија „Мундус Вини“, златни медали освоија црвеното „Александрија Куве“ од бербата 2016 и „Домен Лепово Гранд Куве“ од бербата 2015.

„Мундус Вини“ е еден од најважните светски вински натпревари, а годинава на пролетниот дел учествуваа над 6700 вина од 150 вински региони од целиот свет, кои беа оценувани од 270 интернационални вински експерти од 44 земји.

*„Двата златни медала за нашите вината на првиот голем и престижен натпревар во годината, ни даваат за право да се надеваме дека и во 2018 година ќе го задржиме статусот на најнаградувана винарница во целиот регион. Истовремено, сакам да им честитам и на останатите македонски винарници кои исто така освоија високи признанија. Тоа е показател дека квалитетот на македонското вино во целина се зголемува и дека светот тоа го препознава, што е цел кон која ние постојано се стремиме и ја истакнуваме“*, истакна генералниот директор на винарницата, Радош Вукиќевиќ.

Винарската визба „Тиквеш“ е најнаградуваната винарница во поширокиот регион. Вината на „Тиквеш“ неколку години по ред освојуваат над 50 награди, признанија и високи оцени од врвните светски вински критичари годишно.

Винарска визба „Тиквеш“: тел. +389 2 3181 741
ImagePR, +389 (0)2 3290 486; office@imagepr.com.mk